**Известување за концентрација со која Централ Азија Металс Лимитед, Обединето Кралство ќе стекне самостојна контрола над Абердин Минералс Лтд, Обединето Кралство**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 05.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Централ Азија Металс Лимитед, со регистрирано седиште на Мастерс Хаус, 107 Хамерсмит Роуд, Лондон, ВВ14 0ЌХ, Обединето Кралство над друштвото Абердин Минералс Лтд, со регистрирано седиште на адреса Гудвуд Хаус, Блекбрук Парк Авењу, Таунтон, Сомерсет, Обединетото Кралство, ТА1 2ПКС.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Централ Азија Металс Лимитед** - („ЦАМЛ“) е друштво кое котира на AIM пазарот управуван од Берзата во Лондон (London Stock Exchange). ЦАМЛ е владејачко друштво од Обединетото Кралство за групата на друштва („ЦАМЛ Група“) кои се занимаваат со:

- обработување и последователно производство на бакарни катоди, од секундарни рударски техники;
- идентификување, истражување и развој на депозити на базни метали примарно во регионот на Централна Азија, но исто така и на светско ниво; и
- производство или обработка на оловен и цинков концентрат.

ЦАМЛ е присутна во Република Северна Македонија преку зависните друштва:

- ЦМК Европа ДООЕЛ Скопје - („ЦМК Европа“), со регистрирано седиште на ул. 27 март бр. 11, Скопје – Центар, Република Северна Македонијаа, а истото не врши самостојни деловни активности туку единствено дејствува како холдинг друштво на Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица, и

- Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица - („САСА“) со регистрирано седиште на ул. Рударска бр. 28, Македонска Каменица, Република Северна Македонија. САСА е носител на концесии за експлоатација на суровини од олово и цинк и има регистрирана деловна активност – вадење на други руди на обоени метали. Произведениот оловен и цинков концентрат, според берзански формирани цени, се извезува од страна на друштвото и се носи до топилници за обработка во странство.

**Абердин Минералс Лтд** е друштво во приватна сопственост, регистрирано во Обединетото Кралство, кое инвестира во истражување на минерални суровини на наоѓалишта на никел, бакар и кобалт во североисточна Шкотска.

Тековната работа на Абердин Минералс Лтд за истражување на минерали е фокусирана на проектот за никел-бакар-кобалт Артрат во Абердиншајр, каде што се наоѓаат најголемите наоѓалишта на никел во Обединетото Кралство. Друштвото исто така го истражува поширокиот потенцијал за минерални суровини во поширокиот регион и областите на североисточна Шкотска кои се сметаат за геолошки поволни.

Абердин Минералс Лтд нема регистрирано присуство и нема извршувано било какви активности на пазарот во Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека дефинијата за истиот би можела да биде пазарот на снабдување со никелов концентрат; пазарот на снабдување со бакарен концентрат и пазарот на снабдување со кобалтов концентрат.

По однос на **географскиот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага за истиот би можел да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

05.04.2024 година, Скопје